Витолд Гомбрович

# КОСМОС

Ова издание е финансиски поддржано од
Институтот за литература во Краков -
преведувачка програма © POLAND

БИБЛИОТЕКА – *АРС МАГНА*

За Издавачот
*Филип Димевски*

Уредник
*Наталиа Лукомска*

Наслов на оригиналот
*Witold Gombrowicz, KOSMOS*

**Copyright ©1986, 1994, Rita Gombrowicz and InstitutLittéraire**
**All rights reserved**

Превод од полски јазик
*Филип Димевски*

Јазична редакција
*Кристина Димкова*

Компјутерска обработка
*БЕГЕМОТ*

Ликовно уредување
*Бојан Димитријевиќ*

---

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

*Витолд Гомбрович*

# КОСМОС

Бегемот

# I

Ќе раскажам друга, почудна случка...

Пот, Фукс оди, јас по него, ногавици, топуци, песок, се влечкаме, се влечкаме, земја, траги од возила, грутки, блесоци од стаклестите камчиња, болскот, ѕвонлива горештина, растреперена жештина, црно од сонцето, куќи, огради, полиња, шуми, тој пат, тој марш, од каде, како, многу нешта, да бидам искрен, бев уморен од татко ми и мајка ми, воопшто од семејството, впрочем сакав набрзина да отарасам барем еден испит, а исто така и да направам промена, да се заакам, да бидам некаде далеку. Појдов во Закопане, одам по улицата Крупувки, размислувам каде ли да најдам некое евтино пансионче и го сретнувам Фукс, лисест, ококорен сурат, бледа руса коса, поглед премачкан со апатија, но се израдува, и јас се израдував, како си, што правиш, барам соба, и јас, имам една адреса – рече – на едно палатиче, каде што е евтино, зашто е далеку, уџум. Па, одиме, ногавици, топуци во песокот, пат и горештина, гледам надолу, земја и песок, искрат камчиња, еден, два, еден, два, ногавици, топуци, пот, сонливост во очите ненаспани

од возот и ништо друго освен тоа ударничко чекорење. Застана.

„Ќе одмориме? Уште многу ли има?“

„Близу сме.“

Се обѕрнав и го видов тоа што сакав и што не сакав да го видам, зашто толку пати сум видел: борови и огради, ели и куќарки, растенија и трева, ров, патеки и леи, полиња и оџак... воздух.. и блештеше од сонцето, но црно, црнилото на дрвјата, сивилото на земјата, приземното зеленило на растенијата, сето тоа прилично црно. Залаја куче, Фукс заврте во грмушките.

„Поладно.“

„Да одиме.“

„Момент. Можеме на миг да си приседнеме.“

Се впушти малку подлабоко во густежот, каде што се отвораа ниши, вдлабнатини, затемнети од леска испреплетена над нив и ластарки од елки, го вперив погледот во безредието на лисјата, гранките, светлосните дамки, честарите, процепите, угорнините, косините, отворите, облините, ѓавол знае што, во дамкастото пространство, коешто напаѓаше и се повлекуваше, се стишуваше, нараснуваше, од кај да знам што, се откршуваше, се расчекнуваше... загубен и облеан, потоа чувствував црна и гола земја, од долу. Таму меѓу гранчињата нешто имаше – стрчеше нешто своеобразно и туѓо, иако нејасно... тоа исто така го набљудуваше и мојот компањон.

„Врабец.“

„Аха.“

Тоа беше врабец. Врабецот висеше на жица. Обесен. Со виснато главче и отворено клунче. Висеше на парче тенка жица, закачена на гранка.

Чудно. Обесена птица. Обесен врабец. Таа ексцентричност овде врескаше со грлат глас и укажуваше на човечка рака, којашто се втурнала во густакот – но,

кој? Кој го обесил, зошто, каков повод би можел да има?... размислував во безредието, во таа обраснатост којашто изобилуваше со милион комбинации, а неудобното патување со железницата, ноќта којашто боботеше од возот, неотспаноста, воздухот, сонцето, маршот овде со Фукс и Јаш, мајка ми, стрико ми со писмото, моето „смрзнување“ на стариот, Роман, впрочем и проблемите на Фукс со шефот во канцеларијата (за коишто раскажуваше), трагите од возилата, грутките, топуците, ногавиците, камчињата, лисјата, всушност сето тоа одеднаш му припадна на тој врабец, како толпа клекната на колена, а тој почна да царува, ексцентрик... и царуваше во тоа катче.

„Кој би можел да го обеси?“

„Некое детиште.“

„Не. Превисоко е.“

„Да одиме.“

Но, тој не мрдаше. Врабецот висеше. Земјата беше гола, но на места растеше кратка, ретка трева, овде се валкаа доста работи, парче свиткана ламарина, стап, друг стап, скинато картонче, стапче, имаше и лепешкар, мравка, друга мравка, анонимен црв, цепеница и така натаму, сè до густежот кај корењата на грмушките – тој го набљудуваше сето тоа, слично како и јас. „Да одиме.“ Но, сè уште стоеше, гледаше, врабецот висеше, јас стоев, гледав. „Да одиме. Да одиме.“ Сепак, не мрдавме, можеби затоа што веќе предолго овде стоевме и поминал соодветниот миг за заминување... а сега тоа веќе стануваше потешко, поневозможно... ние со тој врабец, обесен во грмушките... и ми се причини нешто од типот на нарушување на пропорцијата, или нетактот, неумесноста од наша страна... бев поспан.

„Ајде, да одиме!“, реков и заминавме... оставајќи го врабецот во грмушките, сам.

А понатамошниот поход по патот, по сонцето, нè потишти, ни се здосади, по неколку стотици чекори застанавме, незадоволни, и повторно прашав „уште многу ли“, а Фукс одговори со посочување со прстот на една табличка, обесена на оградата: „И овде имаат соби за издавање.“ Погледнав. Двор. Куќа во дворот, зад тарабата, без украси, без балкони, здодевна и мизерна, бедна, со оскуден трем. Извишена нагоре, од дрво, закопанска, со два реда прозорци, приземје и по пет соби на кат, а пак во дворот, неколку џуџести дрвца, малку темјанушки коишто омалаксуваа во леите, неколку патеки посипани со чакал. Но, тој сметаше дека треба да се провери, што нè чини, понекогаш во таква колиба се наоѓа лапачка прсти да лижеш, а може да биде и евтино. И јас бев спремен да појдам, да видам, иако претходно одминавме неколку такви таблички, не обрнувајќи внимание на нив – но, лиеше пот од мене. Горештина. Ја отвори портата и појдовме по патеката од чакал кон болскотливите стакла. Го притисна ѕвончето, накратко постојавме на тремот и вратата се отвори, се појави веќе не баш млада жена, околу четириесетина години, нешто како домаќинка, со големи гради и полничка.

„Би сакале да ги видиме собите.“

„Момент, веднаш ќе ја повикам газдарицата.“

Чекавме на тремот, јас во главата ја имав бучавата на возот, патувањето, случките од претходниот ден, турканицата, спарината, шумот. Каскада, замелушувачки шум. Нешто ме замисли кај таа жена, тоа беше чудната огрденост на устата на нејзиното добродушно домаќинско лице со светли очиња – устата ѝ беше од едната страна некако како потсечена и тоа ѝ ја издолжуваше, малку, милиметар, предизвикуваше извивање на горната усна, па усните да ѝ потскокнуваат, или да се слизнуваат, речиси како

амфибија, а таа, пак, споредна, исчезнувачка лизгавост, одбиваше со амфибиско, жабјо студенило, но сепак на лице-место ме загреа и разгоре, бидувајќи темен премин, којшто води до полов, лигав и слузен грев со неа. И ме зачуди нејзиниот глас – бидејќи очекував којзнае каков глас од нејзината уста, а таа се одѕва како вообичаена подостарена, пргава домаќинка. Сега ја слушав од внатрешноста на куќата: „Тето! Дојдоа господа заинтересирани за соба!“

Тетката, којашто миг потоа се дотркала на кратки ноџиња, како на ваљак, беше округла – разменивме неколку реченици, да, се разбира, има двокреветна соба со јадење, господа, ќе ми дозволите! Замирисa на мелено кафе, мало ходниче, претсобје, дрвени скали, вие на долго сте дојдени, ах, факултет, кај нас спокојство, тишина... горе повторно ходник и неколку врати, куќата беше тесна. Ја отвори последната соба од ходникот, којашто ја разгледав со еден поглед, бидејќи беше, како и сите соби за изнајмување, темна, со спуштена ролетна, со два кревета и со ормар, со закачалка, со шише на тацна, со две ламби покрај креветите, без сијалици, со огледало во нечиста, грда рамка. Малку сонце се спушти на едно место на подот од зад ролетните и допираше мирис на бршлен, заедно со брмчење на бумбар. Само што... сепак се случи изненадување, бидејќи едниот од креветите беше зафатен и на него лежеше некој, жена, и дури можеше да се чини дека воопшто не лежеше така како што треба, иако не знаев во што се состоеше таа, да речеме, посебност – дали затоа што креветот беше без постела, само со душек – или затоа што нејзината нога, којашто делумно лежеше на железната мрежа на креветот (бидејќи душекот малку се поместил), затоа што поврзаноста на ногата и металот ме изненади во тој жежок, бучен, мачен ден. Спиеше? Откако нè виде, седна на креветот и си ја поднамести косата.

„Лена, што правиш, злато? Секако! Ќе ми дозволите, господа, мојата ќерка.“

Таа кимна со главата одговарајќи на нашите поклони, стана и тивко излезе – таа тишина во мене ја успа мислата за нешто необично.

Ни беше покажана уште соседната соба, иста таква, но малку поевтина, бидејќи не беше непосредно поврзана со бањата. Фукс седна на креветот, госпоѓата директорка Војтисова на столчето и како резултат на тоа, поевтината соба беше изнајмена од наша страна, со јадење, за коешто директорката велеше „сами ќе видите, господа“.

Појадок и ручек требаше да јадеме кај нас, а вечера долу, со семејството. „Господа, вратете се по багажот, а јас овде со Каташа сѐ ќе подготвам.“

Појдовме по багажот.

Се вративме со багажот.

Се распакувавме, а Фукс објаснуваше дека ни успеало, евтина соба, онаа што му ја препорачале, сигурно е поскапа... а таа е уште подалеку... Лапачката ќе биде добра, ќе видиш! Мене сѐ повеќе ме заморуваше неговото рибјо лице и... сон... сон... пријдов до прозорецот, погледнав, се пржеше таму тоа мизерно дворче, потаму ограда и пат, а зад патот, двете ели, коишто го означуваа местото во густакот, каде што висеше врабецот. Се фрлив на креветот, се завртев, заспав, уста слизната од уста, усни коишто повеќе беа усни затоа што помалку беа усни... но, веќе не спиев. Бев разбуден. Над мене стоеше домаќинката. Беше утро, но темно, ноќно. Само што, тоа не беше утро. Таа ме будеше: „Домаќините ве канат на вечера.“ Станав. Фукс веќе облекуваше чевли. Вечера. Во трпезариско, тесно сопче со креденец со огледало, кисело млеко, ротквици и говорот на господинот Војтис, екс директор во банка, со голем прстен, со златни петлици:

„Јас, како што забележувате, миличок господине, сега ѝ се предадов на мојата понежна половина на располагање и користен сум за определени услуги, ако се расипе чешма, или радио... Би советувал повеќе путерче со ротквичките, путерче *prima*...“

„Благодарам.“

„Горештина, ова мора да заврши со бура, се колнам во најсветата светост за којашто сум достоен, јас и моите гренадири!“

„Папа, слушна ли грмежи, зад шумата, таму далеку?“ (Тоа беше Лена, сè уште недоволно забележана од моја страна, тукушто ја видов, во секој случај екс директорот, или пак екс шефот, сликовито се изразуваше). „Би сугерирал уште малкичку киселкасто млеко, мојата жена е специфичен специјалист за кисело млимли, а целата мајсторија е, што мислите, господинче мое, во што? Во лончето! Квалитетот на млечниот квас непосредно зависи од својствата на млековидните лончиња.“ „Што знаеш ти, Леоне!“ (Се вмеша шефицата). „Јас сум брицист, господинчиња мои, екс банкар, моментно брицист, со специјална женска дозвола во попладневните часови, а во недела, во ноќните! А, вие со мислите кон студиите?“ Тамам, одлично, баш за време на спокој и тишина, интелектот може да потонува како во компот... Но, не слушав многу-многу, господинот Леон имаше тиквеста, џуџеста глава, ќелавицата ја закриваше масата, засилена со саркастичниот блесок на биноклите, покрај Лена, езеро, умната госпоѓа Леонова седи на својата округлост и се изнурнува од неа за да управува со вечерата со некој вид посветеност, којашто сè уште не ја сфатив, Фукс нешто бледо, бело говореше, флегматично, јадев пјеруг[1], и понатаму се чувствував сонливо, се говореше дека е тапа, дека сезоната сè

[1] Пјеруг – полски специјалитет, варено полнето тесто.

уште не започнала, прашав дали ноќите се посвежи, завршивме со пјеругот, се појави компот и, по компотот, Каташа на Лена ѝ подаде пепелник, којшто беше покриен со мрежа од жички, ни тоа ехо, слабо ехо, на онаа мрежа (на креветот), на којашто ногата, кога влегов во собата, кога стапалото, малку листот на ногата, на мрежата од креветот итн. итн. Усната на Каташа, којашто се слизнуваше, се најде во близина на устето на Лена.

Се замислив за тоа, јас, по напуштањето на тоа таму, во Варшава, сместен во ова овде, започнувам... се замислив на миг, но Каташа си отиде, Лена го премести пепелникот на средина на масата – и палев цигара – радиото беше пуштено – господинот Војтис затропа со прстите по масата и потпевна мелодииче, нешто како ти-ри-ри, но прекина – повторно затропка, повторно потпевна и прекина. Беше тесно. Собата беше премала. Устата на Лена затворена и отворена, нејзината срамежливост... и веќе ништо повеќе, добра ноќ, одиме горе.

Се соблекувавме и Фукс им се наврати на своите поплаки за Дроздовски, за шефот, со кошула во рацете се жалеше бело и бледо, лисесто, дека Дроздовски, дека на почетокот имале идеален однос меѓу себе, дека тоа некако се расипало, вака-така, почнав да му газам на нерви, замисли си, братче, му газам на нерви и со прст да мрднам му газам на нерви, дали ти разбираш, да му газиш на нерви на шефот, седум часа, не може да ме поднесе, се гледа дека се труди да не ме гледа, седум часа, ако случајно погледне отскокнува со очите, како да се попарил, седум часа! Самиот не знам – говореше загледан во своите чевли – мене понекогаш ми доаѓа на колена да паднам и да викнам, господине Дроздовски, се извинувам, се извинувам! Ама за што? А впрочем и тој не го

прави тоа од злоба, јас него навистина го нервирам, колегите ме советуваат тивок да бидам, колку што може помалку да му паѓам во очи, но – се ококори кон мене рибјо, меланхолично – но како јас можам да паѓам или да не паѓам во очи, кога во таа просторија седум часа сме заедно, ќе се закашлам, ќе мрднам со раката, а него веќе сипки го фаќаат. Да не смрдам? И тие поплаки на отфрлениот Фукс ми се поврзуваа со моето заминување од Варшава, нежелно, презриво, двајцата, тој и јас, отфрлени од... неволност... и во таа изнајмена, непозната соба, во крајпатна, случајна куќа, се соблекувавме како оттурнати, отфрлени. Уште разговаравме за Војтисовци, дека има фамилијарно расположение, заспав. Се разбудив. Ноќ. Темно. И минаа неколку минути, закован под чаршафот, пред да се пронајдам себеси во соба со плакар, со масичка, со шише и ја сфатив мојата положба во однос на прозорците и вратата – што ми успеа благодарение на истрајниот но тивок мозочен напор. Долго се колебав што да правам, да спијам, да не спијам... не ми се спиеше, не ми се ни станувашe, па мозгав, да станам, да спијам, да лежам, најпосле ја спуштив ногата и седнав на креветот, а кога седнав, ми се оцрта беликавата дамка на закриениот прозорец и, откако се приближив бос, ја потргнав ролетната: таму, зад дворот, зад оградата, зад патот, таму беше местото каде што висеше врабецот обесен помеѓу испреплетените гранки, со црна земја долу, на којашто беа картончето, ламарината, стапот, таму каде што врвовите на елите се капеа во разѕвездената ноќ. Го закрив прозорецот, но не се оддалечив, бидејќи ми дојде на ум дека Фукс може да ме набљудува.

Навистина, не се слушаше неговото дишење... а ако не спиеше, тогаш видел дека јас гледав низ прозорецот... што не би било ништо непристојно,

доколку не беше ноќ и птицата, птицата во ноќта, птицата со ноќта. Бидејќи моето гледање низ прозорецот мораше да се однесува на птицата... и тоа ме засрами... но тишината којашто премногу се одолговлекуваше и беше премногу тотална, бргу ми се претвори во сигурност дека него го нема, да, го немаше, на неговиот кревет никој не лежеше. Го открив прозорецот и во блесокот на ѕвездените роеви ми се покажа празнина таму каде што требаше да биде Фукс. Каде отишол?

Во тоалет? Не, шумот на водата којшто доаѓаше оттаму беше осамен. Ама во тој случај... а доколку тој пошол кај врабецот? Којзнае од каде ми дојде тоа на ум, но веднаш ми се виде возможно, можел да појде, него врабецот го заинтересира, тој разгледуваше во грмушките барајќи некакво објаснување и тој лисест, флегматичен сурат одговараше за такви испитувања, тоа наликуваше на него... да размислува, да комбинира, кој го обесил, зошто го обесил... да, а штом ја избра таа кука, тогаш можеби, меѓу другото, и поради врабецот (таа мисла веќе беше малку неприродна, но се одржуваше, како дополнителна, во втор план), не само што се разбудил, или можеби воопшто не спиел, го зафатило љубопитство, станал, отишол, можеби за да провери некој детаљ и за да разгледа во ноќта?... си играл детектив?... Бев склон да поверувам во тоа. Сè повеќе бев склон да поверувам во тоа. Тоа ништо не ми штетеше, дефинитивно, но повеќе би сакал престојот кај Војтисови да не започнува од такви ноќни буричкања, а, друга работа, малку ме иритираше што врабецот повторно се наметнуваше, ни се испречуваше на патот, и како да се дуеше, се перчеше, се правеше поважен отколку што е – и доколку навистина тој глупчо отишол кај него, тогаш веќе врабецот ќе стане важна персона, којашто прима

посети! Се насмевнав. Ама што сега? Не знаев што да правам, но не ми се враќаше во кревет, облеков панталони, ја отворив вратата кон ходникот, подадов глава. Празно и посвежо, лево бледа темнина на местото каде што започнуваа скалите, таму имаше мало прозорче, наслушкував, но ништо... Излегов во ходникот и некако не ми се допадна што тој неодамна кришум излегувал, а сега јас кришум излегувам... всушност тие две излегувања не беа нешто толку невино... И, кога ја напуштив собата, во мислите си го реконструирав распоредот на куќата, разгранувањето на собите, комбинациите на ѕидовите, претсобјата, премините, покуќнината и дури особите... нешто што не го знаев, со што тукушто се запознав.

Но, се наоѓав во ходникот на туѓа куќа, ноќе, само по панталони и кошула – тоа ѕиркаше кон либидност и можеби се слизнуваше кон неа со истото слизнување како на Каташината усна... каде спиеше таа? Спиеше? Кога се прашав себеси за тоа, веднаш се замислив во тој ходник којшто водеше кај неа во ноќта, бос, во кошула и панталони, нејзината усно-лизгава искривеност, амфибиска, малку, малку, едвај, едвај, во поврзаност со моето отфрлување, одвраќање од нив таму, во Варшава, студено, непријатно, ладнокрвно ме поттурна кон нејзината блудност, којашто овде некаде, во заспаната куќа... Каде спиеше таа? Направив неколку чекори, дојдов до скалите и ѕирнав низ малото прозорче, единственото во ходникот коешто гледаше кон другата страна на куќата, спроти патот и врабецот, кон големиот простор, опколен со ѕид и осветлуван од купиштата и роевите ѕвезди, каде што се гледаше иста таква градина со патеки од чакал и кревки дрвца, којашто во понатамошниот дел се преобразуваше во пуст терен, со купиште цигли, со шупа... Лево, веднаш покрај куќата, имаше вид доградба, сигурно

кујна, пералница, можеби и Каташа таму ги успиваше лакрдиите на своето усте...

Ѕвезденоста на безмесечинското небо – нечуена – во тие роеви се пробиваа соѕвездија, некои ги знаев, Големата Мечка, Малата Мечка, ги пронаоѓав, но други, непознати за мене, исто така се криеја небаре впишани во распоредот на поглавните ѕвезди, се обидував да ги одредувам линиите коишто ги поврзуваа во фигури... и тоа разликување, наметнување на таа мапа, одеднаш ме умори, се префрлив на дворот, но и овде веднаш ме измори бројноста на предметите, таквите како оџак, цевка, прекршувањето на олукот, первазот на ѕидот, дрвце, или и потешки, коишто беа комбинација, како на пример кривина и исчезнување на патеката, ритамот на сенките... и исто така неволно започнував овде да барам фигури, структури, ме мрзеше, бев и здосаден и нетрпелив и каприциозен, сè додека не сфатив дека тоа што во тие предмети ме приковува, што знам, ме привлекува, тоа „зад“ „позади“, тоа-тоа, што еден предмет беше „зад“ друг, цевката зад оџакот, ѕидот зад ќошето на кујната, како... како... како... Каташините усни зад устето на Лена, кога Каташа подава пепелник со жичена мрежичка за време на вечерата наведнувајќи се над Лена, спуштајќи ги слизнатите усни и приближувајќи ги... Се зачудував повеќе отколку што требаше, воопшто некако бев склон кон претерување, освен тоа соѕвездијата, она онаму Големата Мечка итн., ми предизвикуваа нешто мозочно, мачно, си помислив „што, усти, заедно“ и што особено ме зачудуваше беше тоа што тие усти, едната и другата, сега, во фантазијата, во споменот, беа повеќе поврзани меѓу себе, отколку тогаш, на масата, дури протресов со главата, како да се освестувам, но од тоа поврзаноста на усните на Лена со усните на Каташа стана појасна, па се насмевнав, зашто впрочем

Каташината изопачена развратност, тој нејзин отклон кон блуд, немаше ништо, но тоа немаше ништо заедничко со свежата подотвореност на девствената устна допреност на Лена, само толку што едното беше „во однос на другото“ – како на мапа – како што на мапа еден град е во однос на друг град – воопшто мапа ми се вмеша во главата, мапа на небото, или обична мапа со градови итн. Сета таа „врска“ всушност не беше врска, тоа едноставно беше една уста разгледувана во однос на друга уста, на пример, во смисла на оддалеченоста, насоката, положбата... ништо повеќе... но, беше факт дека калкулирајќи сега дека устата на Каташа сигурно се наоѓа некаде во близина на кујната (таму спиеше), размислував каде, на која страна, на каква раздалеченост од неа може да се наоѓа устето на Лена. И мојот ладнокрвно-безобразен стремеж кон Каташа во тој ходник се изопачи како резултат на тоа споредно вмешување на Лена.

А тоа го придружуваше растечка расеаност. Чудна работа, прекумерното сосредоточување на вниманието на еден предмет води до расеаност, тој еден предмет закрива сѐ друго, загледувајќи се во една точка на мапа знаеме дека сепак ни се измолкнуваат сите други точки. Јас, загледан во дворот, во небото, во двојноста на устите „зад“, знаев, знаев дека нешто ми се измолкнува... нешто важно... Фукс! Каде е тој? Дали „си играл детектив“? Само да не завршило со некаков циркус! Незадоволството што престојував со тој рибји, за мене малку познат Фукс... но пред мене двор, дрвца, патеки, коишто се претвораат во плац со купиште цигли дури над ѕидот, неизмерно бел, само што овојпат сето тоа ми се покажа како знак видлив за она што не го гледав, другата страна на куќата, каде што исто така имаше мало дворче, потоа ограда, пат, зад него густеж... и интензитетот на ѕвездената

светлина ми се совпадна со интензитетот на обесената птица. Дали Фукс беше таму, кај врабецот?

Врабецот! Врабецот! Всушност ниту Фукс, ниту врабецот, не го привлекуваа мојот интерес, устите, едноставна работа, беа поинтересни... така си мислев во расеаноста... па, го отфрлам врабецот за да се сконцентрирам на устите и се создаде некаква мачна игра тенис, бидејќи врабецот ме испраќаше кај устите, устите кај врабецот, се најдов помеѓу устите и врабецот, едното со друго се закрива, само што ќе ги дограбев устите, брзо, како да ќе ги загубам, веќе знаев дека зад таа страна на куќата и таа страна, зад устите врабецот којшто самотно виси... А најнепријатно беше што врабецот не можеше да се смести со устите на заедничка мапа, тој беше целосно надвор од тоа, од друга област, и впрочем случаен, дури и бесмислен, па зошто ми се појавуваше, немаше право!... Ох, ох, немаше право! Немаше право? Колку беше понеоправдано, толку посилно и понастојчиво се наметнуваше и потешко беше да се откачи – ако немаше право, тогаш тоа уште повеќе значеше дека ми се закачува!

Уште кратко стоев во ходникот, помеѓу врабецот и устите. Се вратив во собата, легнав и, побргу отколку што можеше да се очекува, заспав.

Утредента, откако ги извадивме книгите и хартиите, се зафативме за работа – не го прашав што правел синоќа – исто така неволно си ги спомнував своите доживувања во ходникот, бев како некој кој попаднал во претераност и сега се чувствува несвојствено, да, бев несвојствен, но Фукс исто така имаше нејасен израз на лицето, молчеливо се зафати за своите пресметки, коишто беа вредни, на многу хартивчиња, дури и со логаритми, а имаа за цел разработување систем за играње рулет, систем за којшто тој немаше ни најмал

сомнеж дека е измислица, гњавење, на којшто сепак му ја оддаваше сета енергија, бидејќи всушност немаше што да прави, немаше подобра работа, ситуацијата беше безнадежна, за две недели му завршуваше одморот, го чекаше враќање во канцеларијата и Дроздовски, којшто ќе вложува натчовечки напори за да не го гледа, а за тоа нема чаре, зашто макар и најбргу да ги извршува своите обврски, ова и она би било неподносливо за Дроздовски... Зеваше, очите му се направија како цртки и веќе дури не се жалеше, само беше каков што беше, сеедно, и ако нешто, само ми дофрлуваше во врска со моите непријатности со семејството, дека токму така, гледаш, секој има свои проблеми, и тебе ти се закачиле, да му се снevиди, ти велам, очај, нека оди сè по ѓаволите!

Попладнето отидовме со автобус на улицата Крупувки, испазаривме неколку работи. Дојде време за вечера, којашто нетрпеливо ја очекував, бидејќи сакав да ги видам Лена и Каташа, Каташа со Лена после вчерашната ноќ. Сега за сега, во себе ги задржував сите мисли за нив, најпрво уште еднаш да се види, а потоа да се мисли.

Ама какво ли неочекувано расипување на плановите!

Беше мажена! Се појави маж ѝ, кога веќе вечерата беше во тек и сега над чинијата го наведнуваше издолжениот нос, а јас со невкусна љубопитност го набљудував нејзиниот еротски соучесник. Хаос – не дека ме зафаќаше љубомора, туку само што таа ми стана поинаква, целосно променета со тој маж, за мене толку туѓ, а толку воведен во најтајните катчиња на тоа усте – беше очигледно дека мошне неодамна се земале, со раката ја покриваше нејзината рака и погледнуваше во очи. Каков беше? Крупен, добро граден, малку тромав, доста интелигентен, архитект,

ангажиран при изградба на хотел. Беше молчелив, посегнуваше по ротквица – ама каков беше? Каков беше? И како тие беа заедно, што тој со неа, што таа со него, што тие двајцата?... пу, така да наидеш на маж во прегратките на жената, којашто нас нè интересира, тоа веќе не е никаква пријатност... но, што е уште полошо, таквиот маж, целосно туѓ, одеднаш станува предмет на нашата – принудна – љубопитност и мораме да ги откриваме неговите најскришни вкусови и мечти... макар што тоа нас нè погодува... мораме да го чувствуваме преку таа жена. Не знам што повеќе би сакал: дали таа, бидувајќи атрактивна самата по себе, со таа атрактивност да се покаже одбивна, или пак, преку мажот којшто си го избрала, да стане привлечна – двете можности беа фатални!

Се љубеа? Страстна љубов? Разумна? Романтична? Лесна? Тешка? Не се љубеа? Овде, на масата, во присуство на семејството, тоа беше банална чувствителност на млад брачен пар и впрочем тешко е човек да набљудува, може само да ѕирка, треба да се примени целиот тој систем маневри „на границата“, коишто не ја нарушуваат демаркациската линија... Не можев баш да го погледнам во очи, моите иследувања, страстни но одвратни, мораа да се ограничат на раката, којашто лежеше пред мене на масата, во близина на нејзината дланка, ја видов таа рака, голема, уредна, со прсти коишто не беа непријатни, со кратки нокти... набљудував и сè повеќе ме разбеснуваше тоа што морам да навлегувам во еротските можности на таа рака (небаре бев таа, Лена). Ништо не дознав. Да, раката изгледаше доста пристојно, но што значи самиот изглед, сè зависи од допирот (мислев), од тоа како допира, и можев совршено да си го замислам допирот меѓу нив, пристоен, или непристоен, или разуздан, див, бесен, или вообичаено брачен – и ништо, ништо

не беше познато, ништо, бидејќи зошто убавите раце не би можеле да се допираат на несмасен начин, па дури и гломазен начин, каде беше гаранцијата за тоа? Тешко е да се претпостави дека здрава, пристојна рака би си дозволувала такви испади? Сигурно, но доволно е да си замислиш дека „сепак“ си дозволува, а тоа „сепак“ тогаш ќе стане една раскалашеност повеќе. А доколку не можев да имам никаква сигурност што се однесуваше до рацете, тогаш што да се каже за личностите, коишто беа на подалечен план, таму, каде што јас речиси се плашев да погледнам? И знаев дека доволно би било една скришно и едвај видливо чепнување на неговиот и нејзиниот прст, за нивните личности да станат бескрајно развратни, иако тој, Лудвик, штотуку говореше дека донел фотографии и дека одлично испаднале, по вечерата ќе ги покаже...

„Комичен феномен“, Фукс го привршуваше раскажувањето, како тоа одејќи наваму во грмушките најдовме врабец. „Обесен врабец! Врабец да бесиш! Тоа е како магаре и музика!

„Магаре и музика, навистина магаре и музика!“, љубезно потврди господинот Леон дека се согласува, со задоволство. „Магаре и музика, ве молам замислуцнете си, тинтири-минтири, каков садизам!“

„Хулиганство“, кратко и јасно пресуди госпоѓата Кулка, отстранувајќи му конче од ракавот и тој веднаш со задоволство потврди: „Хулиганство“. На што Кулка: „Ти секогаш мораш да негираш!“ „Ама да, Мањча, велам дека тоа е хулиганство!“

„А јас велам дека тоа е хулиганство!“, извикна, небаре тој нешто друго рече.

„Токму така, хулиганство, велам, хулиганство...“

„Ти самиот не знаеш што зборуваш!“

Му го поднамести работ на марамчето коешто му стрчеше од џебот.

Каташа изнурна од килерот за да ги прибере чиниите, а нејзината извиена, лизгава, отклонувачка усна се појави во близина на устата којашто беше спроти мене – тој миг го чекав со напнатост, но го прикривав, го вртев погледот од тоа на друга страна, само да не влијаам на ништо, да не се мешам... за експериментот да излезе објективно. Устата веднаш започна да „се однесува“ на уста... и видов како едновремено маж ѝ нешто ѝ зборуваше, и господинот Леон се вмешуваше, и Каташа одеше ангажирана, а устата се однесуваше на уста, како ѕвезда на ѕвезда, и оваа устна констелација ги потврдуваше моите ноќни авантури, коишто јас веќе сакав да ги изгонам што подалеку... но устата со уста, оваа излизнувачка одвратност на искривеноста што се измолкнува од меката, чиста допреност-подотвореност... како навистина да имаа нешто заедничко! Попаднав во вид на трескавична вчудоневиденост дека устите коишто немаа ништо заедничко, сепак имаа нешто заедничко, тој факт ме замелушуваше и особено ме потиштуваше во некаква неверојатна расеаност – и тоа беше презаситено со ноќ, како нурнато во вчерашното, мрачно.

Лудвик си ја избриша устата со салфетка и, откако методично ја остави (изгледаше на многу уреден и чист, само што таа чистота можеше да биде, сепак, валкана...), со својот бас-баритон рече дека и тој отприлика пред една недела на една од крајпатните ели забележал обесено пиле – но на тоа не му обрнал особено внимание, впрочем по неколку дена пилето исчезнало.

„Чудесии“, се зачуди Фукс, „обесени врапци, пилиња коишто висат, а можеби тоа навестува крај на светот? На каква висина висеше тоа пиле? Далеку од патот?“

Прашуваше затоа што Дроздовски не го поднесуваше, затоа што тој не го поднесуваше Дроздовски, затоа што не знаеше што да прави... Изеде ротквица.

„Хулиганство“, повтори госпоѓата Кулка. Го поднамести лебот во кошничката со гест на добра домаќинка и раздавачка на оброци. Ги дувна ронките. „Хулигани! Има полно дечишта, што сакаат прават!“

„Така е!“, се согласи Леон.

„Во тоа е штосот“, бледо забележа Фукс, „што и врабецот и пилето биле обесени на висина од рака на возрасен човек.“

„А? Ако не некои хулигани, тогаш кој? Господинчето мисли дека некое manijачиште? Не сум чул за никаков манијак во оваа околина.“

Си потпевна ти-ри-ри и со големо внимание се оддаваше на правење топчиња од леб – ги подредуваше во низа на чаршафот, гледаше.

Каташа на Лена ѝ подаде пепелник со мрежичка од жички. Лена ја истресе пепелта, во мене нејзината нога се одѕва на мрежата на креветот, но расеаноста, устата над уста, птичјата жица, пилето и врабецот, мажот и жената, оџакот зад олукот, усни зад усните, уста и уста, дрвцата и патешките, дрвјата и патеката, премногу, премногу, каша-попара, бран по бран, бескрај во расеаноста, распрснатоста. Расеаност. Мачна загубеност, таму во аголот стоеше шише на полицата и се гледаше парче од нешто, можеби од тапа, прилепено на грлото...

...го прилепив погледот во таа тапа и така со неа одморав додека не појдовме да спиеме, сон, спиење, през неколку наредни дена ништо, ништо, крај на активностите, зборовите, јадењата, слегувањата и качувањата по скалите, само толку за да дознаам ова-она, *primo* дека Лена беше учителка по јазици, едвај пред два месеца се омажила за Лудвик, отпатувале на

Хел, сега живеат овде додека тој не ја заврши неговата куќичка – сето тоа го раскажа Каташа, со крпчето, од мебел до мебел, добродушно, со задоволство, *secundo* (тоа Кулка го говореше), „треба уште еднаш да се расече, да се зашие, хирургот ми кажуваше, стар пријател на Леон, колку ли пати ѝ велев дека ќе ги покријам трошоците, зашто, знаете, господине, таа е моја внука од сестра, иако е селанка, од кај Грујец, но јас од сиромашните роднини не се одрекувам, а згора на тоа впрочем е неестетски, го дразни сетилото за естетика, дури очи боде, колку ли пати ѝ говорев тие години, зашто тоа е веќе од пред пет години, знаете, господине, сообраќајка, омнибусот удрил во дрво, добро е што не е полошо, колку пати ѝ велам, Ката, не биди мрзлива, не плаши се, оди на хирург, оперирај се, како ти изгледаш, среди си го изгледот, ама ништо од тоа, ете ти, ја мрзи, се плаши, секој ден слегува, веќе постојано вели, тето, ќе појдам веќе, и не оди, и ние веќе се навикнавме и, дури кога некој ќе нè потсети, повторно паѓа во очи, но иако јас во естетска гледна точка сум доста осетлива, можете да си замислите, господине, аргатење, чистење, перење, а ова на Леон, а она, она, а она на Лена, а тоа на Лудвик, од утро до вечер, по едно, по друго, а она чека, каде има време за тоа, кога Лудвик и Лена ќе се преселат во куќичката, тогаш може, но сега за сега, барем е добро што Лена си најде чесен човек, да, само кога би ја направил несреќна, се колнам, би убила, би земала нож и би убила, но, фала Богу, сега за сега нема ништо лошо, само што ништо самите нема да направат, ниту тој, ниту таа, исто како Леон, тоа од татко ѝ го наследила, јас морам за сè да се грижам, да памтам, де топла вода, де кафе, долна облека за перење, чорапи, да закрпам, пеглање, копчиња, марамчиња, да мачкам кришки, хартија, да ставам восок, да залепам, самите ништо,

сендвичиња, салатки, од утро до доцна во ноќта и згора на тоа уште киријаши, самиот знаете, господине, јас ништо не велам, така е, плаќаат, изнајмуваат, ама исто така треба да се памети, ова на овој, она на оној, за сè да биде на време, едно-друго...“

...мноштво други настани, исполнувачки, преокупирачки, и секоја вечер неизбежната, како месечина, вечера, седење спроти Лена со устата на Каташа којашто кружи наоколу. Леон произведуваше топчиња од леб и ги подредуваше во колона, мошне педантно – гледаше со големо внимание – по миг размислување на чепкалка за заби набодуваше едно од топчињата. По подолга медитација, се случуваше, со ножот црпнуваше малку сол и со неа го посипуваше топчето, со недоверба гледајќи низ биноклите.

„Ти-ри-ри!“

„Убавицо моја! Зошто на својулето папуле не би му подлапнала лап-лап ротквица? Дај!“

Односно дека ја моли Лена да му даде ротквици. Тешко беше да се разбере тоа дрндање. „Убавицо ти моја, цвету на татко мој убав!” „Кулкичка, што ти таму мљац-мљац, не гледаш дека цуцу?” Не секогаш „чудотвореше со зборообразувањето“, понекогаш почнуваше лудачки, а завршуваше нормално, или обратно – блескавата округлост на неговата ќелава тиква со лице прикачено долу, со прикачени *pince-nez*, се креваше над масата како балон – честопати попаѓаше во добро расположение и бомбардираше со анегдоти, мајчичке, полека, го знаеш ли оној бицикл за трициклот, кога Ицикл седнал на бицикл, тогаш бил трицикл, хехе, ха!... Кулка, пак, му поднаместуваше нешто во околина на увото, или на крагната. Запаѓаше во замисленост и ресите на салфетката ги плетеше во плетенка, или забодуваше чепкалка за заби во чаршафот – не на сите места, само во одредени места,

во коишто по подолго размислување се навраќаше, со намуртена веѓа.

„Ти-ри-ри."

Мене тоа ме нервираше поради Фукс, зашто знаев дека тоа е вода за неговата дроздовска мелница, мелница којашто го меле од утро до мрак, него, којшто за три недели неизбежно требаше да се врати во канцеларија за повторно Дроздовски да зјапа во печката со гримаса на маченик, зашто, говореше Фукс, тој дури на моето палто има алергија, сум му станал одвратен, тоа ти е, сум му станал одвратен... и маниите на Леон некако му беа од рака на Фукс, којшто ги набљудуваше жолто, бледо, лисесто... и тоа уште повеќе ме туркаше во мојата антипатија кон родителите, во моето отфрлање на сето тоа таму, варшавското, и седев нерасположено, непријателски, неволно гледајќи ја раката на Лудвик, којашто воопшто не ме интересираше, којашто ме одвраќаше, којашто ме приковуваше, во чиишто еротски допирни можности морав да проникнувам... а повторно Кулка, знаев, полна со нејзината чистота, перење, метење, штепување, домаќинствување, пеглање итн. итн. Расеаност. Шум и вриеж. Го пронаоѓав моето парче тапа на шишето, ги набљудував грлото и тапата веројатно за да не гледам во сè, таа тапа понекогаш стануваше мое кајче на океан, иако од океанот до мене допираше само шум, далечен, превообичаен, преопшт шум, за навистина да можеше да се чуе. И ништо. Неколку дена исполнети со од сè по малку.

Горештините и понатаму беа силни! Измачувачко лето! Така тоа се одолговлекуваше, со мажот, со рацете, со устите, со Фукс, со Леон, се одолговлекуваше како во горештина кога човек оди по пат... Четвртиот или петтиот ден погледот ми залута, впрочем не првпат, во длабочината на собата, пивнував чај, пушев, откако ја отфрлив тапата, со погледот закачив на шајка во

ѕидот, покрај полицата, и од шајката се поместив до орманот, ги избројав летвите, уморен и сонлив се впуштив во помалку достапни места над орманот, таму каде што тапетите беа поткинати, и загазив дури до таванот, белата пустина; но, здодевната белина малку понатаму се промени, во близина на прозорецот, во рапаво, потемно пространство, заразен од влага, со комплицирана географија на континенти, заливи, острови, полуострови и чудни концентрични кругови, коишто потсеќаа на кратерите на месечината, и други накосени, исчезнувачки линии – тоа беше на места, болни, небаре лишај, овде-онде повторно диви и разуздани, па повторно размечтаени со извиености, кривини, дишеше со ужас на крајност, се губеше во вртоглавата далечина. И точки, не знам од што, веројатно не од муви, воопшто тие генези беа неодгатнати... Загледан, удавен во тоа, и во сопствените замрсености, зјапав и зјапав без специјален напор, а сепак упорно, сѐ додека на крајот тоа не беше како да пречекорував некој праг – и веќе малкуцка бев „од таа страна“ – испив голтка чај – Фукс праша:

„Што зјапаш така?“

Не ми се збореше, загушливо, чај. Одговорив:

„Онаа граница, онаму, во аголот, зад островот, и она како триаголник... До теснецот.“

„Што?“

„Ништо.“

„Епа, што?“

„Да...“

По некое време прашав:

„На што те потсеќа?“

„Онаа пруга и цртка?“, со задоволство прифати, и знаев зошто прифати со задоволство, знаев дека тоа го оттргнува од Дроздовски. „Тоа? Веднаш ќе ти кажам. На гребло.“

„Може и на гребло.“

Лена се вмеша во разговорот, а тоа затоа што си игравме одгатнување, друштвена игра, од лесен вид, тамам за нејзината срамежливост.

„Ма какво гребло! Стрелка.“

Фукс се побуни: „Абе каква стрелка!“

Неколку минути исполнети со нешто друго, Лудвик го праша Леон „сака ли татко една партија шах?“, јас имав напукнат нокт којшто ми пречеше, падна весник, кучињата залајаа надвор (две мали, млади, забавни кутриња, ги пуштаа навечер, имаше и мачка), Леон рече „една“, Фукс рече:

„Можеби и стрелка.“

„Стрелка е или и не е стрелка“, забележав, го кренав весникот, Лудвик стана, премина омнибус по патот, Кулка праша „телефонираше?“